| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Во нашата градинка |
| **Содржина на денот** | Запознај ја градинката |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Миладинова Александра |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување на физичко растојание.<br>Практично покажување и објаснување на детето по одбележани насоки на растојание и укажување да се движи и стои на истите. Може да се организира игра и да се означи просторот со помош на различни материјали и предмети : Самолеплива лента, коцки, јаже и сл. |
| **Активности** | 1. Разговор за градинката<br>Преку слики со детето се разговара за градинката каде што ќе престојува, за игрите, за однесувањето и правилата во градинка, како и правилно и уредно користење на предметите и играчките во неа.<br>- Игра – Во градинка.<br>Со помош на разновидни играчки, кукли и предмети, со детето се организира симболичка игра – Во градинка. На детето му се овозможува преку игра и разговор подобро да се запознае со правилата на однесување и редот во градинката и да ги проектира своите мисли и чувства за истата.<br>-Прошетка на отворен простор со вежби за одржување на физичко растојание при движењето. |